Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработување во јавниот сектор ("Сл.весник на РМ" бр.27/14 и 199/14), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на _____2018 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за измена и дополнување
на Правилникот за внатрешна организација на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Член 1

Во членот 5 од Правилникот за внатрешна организација во Фондот за здравствено осигурување на Македонија бр.02-15382/1 од 14.09.2015 година, во ставот 1, пред точката 1 се додава точка 1 А која гласи:
"1 А Сектор за комуникација и административна поддршка"

По точката 4 Сектор за контрола се додава нова точка 4 А која гласи;

"4 А Сектор за ортопедски помагала и специфични здравствени услуги"

Точката 7.Сектор за сметководство и трезор се менува во нова точка7. која гласи:" Сектор за сметководство, трезор и јавни набавки".

Точката 8. Сектор за јавни набавки се брише.

Точката 9. Сектор за информатика се пренумерира и станува точка 8.

Член 2

По членот 5 се додава нов член 5 А кој гласи;
" 1 А Сектор за комуникација и административна поддршка.

Во Секторот за комуникации и административна поддршка се извршуваат следните работи:

- Информирање на јавноста осигурениците за сите новини во работењето на Фондот,
- Редовно ажурирање на WEB страната на Фондот со цел транспарентно информирање на осигурениците за правата од здравствено осигурување,

- Организирање на гостувања, интервјуа со новинарите, организирање на прес конференции,
- Организирање на работата на Кол центарот и Инфо-линијата на Фондот,
- Подготвување на дневен билтен со пресек на вестите и новините во областа на здравството на дневна основа во сите печатени и електронски медиуми, како и на веб порталите,
- Организира и спроведува навремени информации и мислења до Влада и до другите надлежни институции,
- Подготовки на соопштенија за информирање на јавност во соработка со генералните и секторските директори и организирање на прес-конференции,

Член 3

По членот 13 се додава нов член 13 А кој гласи;
" 4 А Сектор за ортопедски помагала и специфични здравствени услуги".

Во Секторот за ортопедски помагала и специфични здравствени услуги се извршуваат следните задачи

- Изготвува предлози за измени и дополнување на Правилникот за индикации за остварување на право на ортопедски и други помагала
- Изготвува измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала
- Изготвува предлози на Одлуката за утврдување на цени на ортопедски и други помагала
- Изготвува предлози за ревидирање на цените на ортопедски помагала
- Изготвува стандарди на ортопедски и други помагала
- Прави анализи на потрошувачката на ортопедски помагала
- Изготвува предлози за Правилник за критериумите за склучување на договор и постапка за остварување на правото и начинот на плаќање на здравствени услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување
- Прави анализи на остварени права на осигуреници за БПО
- Изготвува предлози за измени и дополнување на Правилникот за биомедицинско потпомогнато оплодување

Извршувањето на работите во Секторот за ортопедски помагала и специфични здравствени услугисе организира во :
1. Одделение за ортопедски помагала и специфични здравствени услуги

Член 4

Во членот 18 во ставот 1 по алинејата 2 се додава нова алинеја која гласи;
- спроведување на постапката за јавни набавки за потребите на ФЗОМ
- следење на договориза јавни набавки од надлежност на одделението за јавни набавки.

Член 5

Во членот 19 став 1 по точката 2 Одделение за трезорско работење, се додава точка 3 која гласи;
" 3. Одделение за јавни набавки".

Член 6

Членот 20 и 21 се бришат.

Член 7

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува со денот на добивање согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број: 02-7680/1
21. 05. 2018
_____2018 год.
С к о п ј е

УПРАВЕН ОДБОР НА ФЗОМ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Верица Проковиќ

Изготвил: Лидија Маркузанова
Согласен: Директор д-р Данаил Дончев
Согласен: Директор Орхан Рамадани, Orhan Ramadani